**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 48 од Статутот на Комерцијална банка АД Скопје, Собранието на Банката, на седницата одржана на 02.04.2020 година, донесе

# О Д Л У К А

## за усвојување на Консолидираната годишна сметка на Комерцијална банка АД Скопје за 2019 година ревидирана од ревизорско друштво

### Член 1

Се одобрува Консолидираната годишна сметка на Комерцијална банка АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2019 година, изготвена врз основа на принципите за мерење и признавање утврдени со регулативата на Народната банка на Република Северна Македонија и презентирана во согласност со Правилникот за формата и содржината на годишната сметка за банки и други финансиски институции, ревидирани од страна на Друштвото за ревизија КПМГ Македонија ДОО Скопје.

Консолидирана годишна сметка на Комерцијална банка АД Скопје за 2019 година, се одобрува според следните биланси:

1. Консолидиран биланс на состојба на ден 31.12.2019 година,
2. Консолидиран биланс на успех од 01.01. до 31.12.2019 година

### Член 2

Во Консолидиран биланс на состојбата на ден 31.12.2019 година се искажани следните билансни состојби:

| | |
|---|---|
| Актива | Ден. 123.031.529.575 |
| Пасива | Ден. 123.031.529.575 |

### Член 3

Во Консолидиран биланс на успех за периодот од 01.01. до 31.12.2018 година приходите изнесуваат 5.359.332.033 денари, а расходите 3.348.519.704 денари, или добивка пред оданочување од 2.010.812.329 денари. По пресметување на данок на добивка во износ од 183.987.857 денари, добивката по оданочување е во износ од 1.826.824.472 денари.

**Член 4**

Консолидираната годишна сметка претставува составен дел на Одлуката.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**СО СОБРАНИЕТО**